Врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на Барање за промена на категорија на приклучок**

1. Се одобрува Барањето на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр.12-228/1 од 31 јануари 2022 година за промена на категорија на приклучок на потрошувачот ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, со ЕДБ 4030004567545, и тоа:
   - место на потрошувачка бр.000000194050,
   - адреса на мерно место: ул. Орце Николов бр.2, Скопје,
   - постоечка категорија на приклучок: LV2,
   - нова категорија на приклучок: LV1.1,
   - напонско ниво на мерење: низок напон и
   - локација на мерење: низок напон.

2. Се задолжува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да ја ажурира листата од член 93 став (3), точка 5) од Законот за енергетика* за промената на категорија на приклучок од LV2 во LV1.1 на потрошувачот ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, и посебно да ја наведе причината за промена на категоријата на приклучокот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика*, достави до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија Барање за одобрување на промена на категорија на приклучок бр.12-228/1 од 31 јануари 2022 година.

Барањето се однесува на промена на категорија на приклучок од LV2 во LV1.1 на потрошувачот ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, место на потрошувачка бр. 000000194050 и адреса на мерно место ул. Орце Николов бр.2, Скопје.

Барањето е поднесено како резултат на контрола на мерно место спроведена од страна на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, како оператор на електродистрибутивниот систем, при што е утврдено дека приклучокот е наменет за јавно осветлување. Бидејќи во евиденцијата на Електродистрибуција ДООЕЛ ова мерно место е евидентирано со категорија на приклучок LV2, потребно е да се направи промена на категоријата на приклучок од LV2 во LV.1.1. Во прилог на барањето Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје достави ГИС скица, фотографии од мерното место и информација дека мерното место не е во постапка на промена на снабдувач.

Имајќи го во предвид горенаведеното, како и член 4 став (2) точка 3) од Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија на потрошувачите приклучени на електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 95/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/20) согласно кој во категоријата LV1.1 припаѓаат нисконапонски приклучоци а преземената електрична енергија е наменета исклучиво за јавно осветление, Регулаторната

комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-228/2**

**3 февруари 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на**

**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**